**ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕДУКАЦИЈА**

**(ЗА ПЕРИОД 01.01.2025 – 30.06.2025 ГОДИНА)**



# 1. Податоци од спроведените обуки од јануари до јуни 2025 година

Бирото за јавни набавки во текот на првата половина од 2025 година јануари до јуни 2025 година согласно со своите законски надлежности продолжи да организира и врши едукација на службеници и на други стручни лица во врска со јавните набавки. Преку едукацијата за јавни набавки која ја спроведува, Бирото го зајакнува капацитетот на договорните органи и деловната заедница, односно продолжува да ги подобрува теоретските и практични знаења, вештини и компетенции на службениците и на другите стручни лица, со цел да се обезбеди транспарентно, стручно, економично, ефикасно и ефективно спроведување на постапките за јавни набавки на сите нивоа.

Бирото за јавни набавки е надлежно за планирање, организирање и спроведување на едукацијата за јавни набавки, како и за подготовка и спроведување на писмениот испит и издавање на потврди за положен испит за лице за јавни набавки.

Едукацијата за јавни набавки во текот од јануари до јуни 2025 година, се организираше и спроведуваше врз основа на Годишниот план за реализација на едукацијата за јавни набавки за 2025 година, а согласно со:

- Законот за јавните набавки,
- Правилникот за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки,
- Измена на правилникот за програмата за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки,
- Годишниот план за реализација на едукацијата за јавни набавки за 2025 година ,
- Тарифникот за висината на надоместоците за едукација за јавни набавки, како
- Интерно упатство за подготвување и спроведување на едукацијата за јавни набавки

- Интерно упатство за подготовка и спроведување на обука за обучувачи за јавни набавки и,
- Етичкиот кодекс на однесување при спроведување на едукацијата за јавни набавки

Во текот од јануари до јуни 2025 година, Бирото за јавни набавки спроведе обуки за службеници и други стручни лица во врска со јавните набавки врз основа на Програмата за едукација според следните наставни програми:

- Наставна програма за обука на лица за јавни набавки – (обука за сертификација);
- Наставна програма за обука на лица за јавни набавки за продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки – (обука за ресертификација).

Едукацијата за јавни набавки се спроведува со обучувачи кои имаат потврда за обучувачи за јавни набавки, издадена од Бирото за јавни набавки. При тоа, секој обучувач при спроведување на обуката има обврска да:

- користи модерни наставни техники (презентации во „Пауер поинт“ или видео презентации, студии на случај, дискусии и слично) а материјалите да ги подготви согласно Програмата за едукација и соодветната наставна програма,
- ги прикачи на својот профил материјалите од алинејата 1 на овој став најдоцна 3 дена пред денот на одржување на едукацијата,
- го спроведе предавањето во определеното време и место утврдено во договорот со кој се уредуваат правата и обврските на договорните страни,
- ја презентира содржината на материјалите од алинејата 1 на овој став на разбирлив начин со интерактивен пристап кон учесниците,
- да комбинира теоретско-практичен пристап, преку анализа на случаи од практиката
- изработи најмалку три практични вежби за делот кој го предава и истите да ги усогласи со практичните вежби на останатите обучувачи кои предаваат во истата обука и
- да изработи најмалку 10 прашања за проверка на знаењето на учесниците, за делот/вите за кои бил ангажиран да предава.

Обуките беа спроведени со физичко присуство во просториите на Бирото за јавни набавки.

## 1.1. Податоци од спроведените обуки и испити во периодот јануари – јуни 2025 година

Бирото во периодот јануари – јуни 2025 година, спроведе вкупно 13 обуки и тоа:

- 7 обуки за сертификација, чиј вкупен број на слушатели изнесуваше: 134
- 6 обуки за ресертификација, чиј вкупен број слушатели изнесуваше: 127




Графикон бр.1

## 1.2. Анкетни прашалници

Бирото за јавни набавки во текот на целата година по завршувањето на секоја обука, до сите учесници на едукацијата доставува анкетни прашалници со цел да утврди дали обуката ги постигнала целите на учењето и дали ги пресретнала очекувањата на учесниците во поглед на корисноста на предавањата на обучувачите и наставните материјали. Исто така, учесниците за секој обучувач пополнуваат образец за оценување со кој го оценуваат квалитетот на предавањето и знаењето на обучувачот со оценка од 5 до 10, при што 5 е најниска, а 10 највисока оценка.

Врз основа на податоците од прашалниците за евалуација, Одделението за едукација презема мерки за подобрување на квалитетот на идните обуки, и осмислува и подготвува нови програми за обука. Податоците од прашалниците се користат за интерни потреби на Бирото, за оценка на обучувачите и за креирање на идните програми за обука, како и за подобрување на организацијата на обуките и истите не се објавуваат на интернет страницата на Бирото.

Оттука, на скала од 5 до 10, просечна оценка за обуките за Сертификација е 9,7, додека просечна оценка за обуките за Ресертификација е 9,7.

# 2.Детална статистика за период јануари-јуни 2025

| Име | Вредност |
|---|---|
| Број на пријавени кандидати на Сертификација | 134 |
| Број на пријавени кандидати на Ресертификација | 127 |
| Број на кандидати кои што присутствувале на Сертификација | 134 |
| Број на кандидати кои што присутствувале на Ресертификација | 127 |
| Број на кандидати кои што полагале писмен испит по прв пат - Сертификација | 121 |
| Број на кандидати кои што положиле писмен испит по прв пат - Сертификација | 75 |
| Број на кандидати кои што полагале поправен испит - Сертификација | 36 |
| Број на кандидати кои што положиле попрвен испит - Сертификација | 23 |
| Број на кандидати кои што полагале писмен испит по прв пат - Ресертификација | 127 |
| Број на кандидати кои што положиле писмен испит по прв пат - Ресертификација | 97 |
| Број на кандидати кои што полагале поправен испит - Ресертификација | 24 |
| Број на кандидати кои што положиле попрвен испит - Ресертификација | 17 |
| Просечна оцена за сертификација (Оценето од кандидатите) | 9.72 |
| Просечна оцена за ресертификација (Оценето од кандидатите) | 9.74 |

Табела бр.1




Графикон бр.2

Согласно прикажаните податоци на графиконот, може да се забележи дека од вкупно 134 кандидати кои што присуствувале на обука за Сертификација 98 од нив или 73% успеале да се стекнат со потврда за лице за јавни набавки.




Графикон бр.3

Согласно прикажаните податоци на графиконот, може да се забележи дека од вкупно 127 кандидати кои што присуствувале на обука за Ресертификација 114 од нив или 89,7% успеале да ја продолжат важноста на потврдата.




Слика бр.1 (Планирани и реализирани обуки за лица за јавни набавки)

# 3. НОВОСТИ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЕДУКАЦИЈА

Во првата половина на 2025 година, беа изготвени и пуштени во употреба и нови функционалности на Електронскиот систем за едукација, и тоа:

- ☑ Потребата од зголемена видливост на термините за обуки, како и олеснувањето на пријавувањето за следење на истите во посакуван термин на системот за едукација за јавни набавки, беше причина за негово натамошно модернизирање преку имплементирање на нов интерактивен календар на активности за едукација. Календарот овозможува видливост на слободните места за секоја обука за сертификација и ресертификација по месеци и недели кои се планирани да се спроведат во тековната календарска година. Сите заинтересирани кандидати со кликнување на одреден ден ги добиваат потребните информации и доколку има слободни места им се прикажува линк кој ги насочува на формата за пријавување. (Регистрација или Најава);
- ☑ СМС пораки. Секој кандидат кој е вклучен во процесот на едукација ќе добива и СМС пораки во форма за известување. (за пријавување, испит и сл.)
- ☑ Нов дизајн на потврдите за лица за јавни набавки;
- ☑ Имплементирана нова алатка за транспарентност, каде се вклучени статистички извештаи, графикони, број на лица со валидни потврди за лица за јавни набавки по договорни органи и сл. Алатката е достапна на веб страната на Бирото, а истата се ажурира во реално време согласно податоците од Електронскиот систем за едукација ;
- Преглед на број на кандидати за сертификација/ресертификација, во облик на пита, со избор на филтер година ;
- Преглед на детали од “Регистар на сертифицирани лица”, преглед на топ 10 институции со најголем број сертифицирани лица, во облик на пита со приказ на институцијата и точен број на лица и
- Преглед на детали од “Регистар на сертифицирани лица”, табеларен преглед на институциите со 0 сертифицирани лица.

Во врска со алатката за транспарентност, до истата може да се пристапи преку веб страната на Бирото за јавни набавки, во дел Едукација, Алатка за транспарентност или на следниов линк: https://edukacija.bjn.gov.mk/education/dashboard-statistics .